**ОПШТИНА ГОСТИВАР**

Врз основа на член 11 и член 141,142 од Законот од социјална заштита (“Службен гласник на Република Северна Македонија бр. 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18), член 24 и член 50 став (3) од законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (“Службен гласник на Република Северна Македонија бр. 24 од 29.1.2021 година) Правилникот за начинот на спроведување на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство, преземени од центарот за социјална работа и потребните обрасци (240/21) **Општина Гостивар објавува**:

**ЈАВЕН ПОВИК**

**За прибирање предлог проектна иницијатива за Основање и започнување со работа на установа за социјална заштита “ Центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Гостивр”**

Општина Гостивар распишува Јавен повик за прибирање на предлог проектна иницијатива од локална граѓанска организација заради реализација на проект за справување со проблемот со жртвите на семејно насилство, односно Оснавање и започнување со работа на установа за социјална заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Гостивар.

Проектот ке се реализира во партнерска соработка помеѓу Општина Гостивар и избранат граѓанска организација.

За таа цел во Програмата за активностите на Општина Гостивар во област на социјалната, здравствена и детската заштита во 2023 година АЕ-програма **- Капитални Расходи 1.200.000,00** денари се планирани за отворање на центар за жени и девојки жртви на родово насилство и семејно насилство, овие средтстав се на располагање како општинско учество, финансиски средства потребни за реализација на целиот проект “Основање и започнување со работа на усатанова за социјална заштита Центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Гостивар”

**<u>Право на учество</u>**

Како субјекти кои можат да конкурираат со своја предлог проектна иницијатива се определуваат Здруженијат на граѓани и Фондации, со седиште во Општина **Гостивар**, како матична општина каде физички ќе се реализираат проектот, регистрирани во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

**<u>Вредност на проектите кои ќе се финансираат</u>**

Вредноста на проектот се определува како еднакво учество на партнерите и тоа: 1.200.000.00 денари, општинско учество, финансиски средства планирани во програмата за активностите на Општина Гостивар во област на социјалната, здравствена и детската заштита во 2023 година, останатиот дел од средствата ќе бидат обезбедена од Здруженија на граѓани или Фондација која ќе биде избрана како добитник од комисијата по завршувањето на јавниот повик..

**<u>Подобност на подносител на проект(апликант)</u>**

- **<u>Основни критериуми кои треба да ги исполнуват Здруженијата и Фондациите кои учествуваат на овој повик се:</u>**

– Здруженијата и фондациите кои се јавуваат на јавниот повик да се регистрирани согласно Законот за здруженијата и фондации на Република Северна Македонија;

– Здруженијата и фондациите кои се јавуваат на јавниот повик да се регистрирани на територија на Општина **Гостивар**;

– Остварување на програмите и дејствувањето на Здруженијата и фондациите кои се јавуват на јавниот повик да се во рамките на Уставот и Законите на Република Северна Македонија,

– Програмите со кои Здруженијата и фондациите се јавуваат на јавниот повик да се имплементираат/реализират единствено на територија на Општина **Гостивар**;

- Здруженијата на граѓни кои се јавуват на јавниот повик даа располагаат со расположливи човечки просторни технички ресурси согласно Законот за социјална заштита, Правилникот за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа за установи за социјална заштита Центар за жртви на семејно насилство, и Правилник за нормативите и стандардите на простор опрема, стручни кадри и средства потребни за оснавање и започнување со работа на установата за социјална заштита – советувалиште за извршители на семејно насилство(С.В на Р.С.М бр.69/12)

- Здруженијата и фондациите кои се јавуваат на јавниот повик мора самите да обезбедат простори за остварување на дејноста на центарот за жртви на родово базирано насилство и семејно насилство.

- **<u>Посебни критериуми кои треба да ги исполнуват Здруженијата и Фондациите кои учествуваат на овој повик се:</u>**

- Здружениејата на граѓаните и фондациите кои се јавуват како апликант мора да има доказ за обезбедено сопствено учество од вкупната вредност на проектот, покрај финансиските средства обезбедени од општинскиот буџет на општина Гостивар (во износ од 1.200.000,00 ден).

– Предлог проектите/проектните активности да бидат изработени и доставени на начин даден во упатството со насоките и обрасците (формуларите) составен дел на јавниот повик;

– Доделените средства да се користат исклучително за намената за која ќе бидат доделени и на начин определен во Упатството, односно согласно основните документи (Апликативниот образец/Пријавата, Логичката рамка, Планот на активностите/видливост-промовирање на проектот и Образецот за Буџет на проектот), составни делови на апликацијата;

– Во апликативните докумети (Апликативниот образец/пријавата и Буџетот на проектот) задолжително е прикажување на кофинансирање(сопствено учество) од страна на апликантот.

**<u>Потребна документација која Здружението или Фондацијата треба да ги достави кон Пријавата.</u>**

Во рамките на основните документи покрај пријавата, апликантите кои се јавуват на јавниот повик( здружение на граѓани) која треба да биде пополнета со печатни букви во кирилично писмо, потпишана од застапникот, заверена со печат и штамби, изработена соодветнона даденото упатство и насоки, составен дел на јавниот повик, апликантот во прилог на истата задолжително треба да ги достави следните прилози – АНЕКСИ.

**Основни документи:**

**Анекс 1 :** <u>Пријава</u>

**Анекс 2:** <u>Преглед на буџет/ Образец за преглед на буџет на проект-проектни активности</u>

**Анекс 3:** <u>Логичка рамка</u>

**Анекс 4:** <u>План на активности и видливост/промоција</u>

**Анекс 5:** <u>Формулар со административни податоци за подносителот</u>

**Анекс 6:** <u>Формулар со финансиски податоци за подносителот</u>

**Анекс 7:** <u>Изјава за подобност</u>

**Анекс 8:** <u>Листа за проверка</u>

**Дополнителни Документи:**

1. Тековна состојба на здружението на граѓани / фондација не постаро од 6(шест) месеци;
2. Копија од важечка потврда/решение за регистрација на здружението на граѓани /фондација во земјата (за носителот на проектот/подносителот и евентуални партнери),
3. Копија од статутот на здружението на граѓани / фондација (подносителот и партнерите),
4. Копија од завршниот годишен финансиски извештај за претходната година/завршна сметка (биланс на успех и биланс на состојба) заверен од надлежна институција за финансиско работење или овластен сметководител, освен доколку здружението на граѓани / фондација е основана во тековната година,
5. Профил на здружението на граѓани / фондација со листа на реализирани проекти во претходните години,
6. Годишна програма на активности за 2023 година

**Апликантите кои се јавуваат на јавиот повик мора да доставаат комплетна документација!**

**Напомена!**

**Основните документи се достапни и може да се преземат на веб-страницата на општина Гостивари (www.gostivari.gov.mk) каде е објавен и Јавниот повик. Документите се пополнуваат согласно Упатството, истите треба целосно да бидат пополнети, потпишани од страна на Претседателот на здружението, заверени со печат и штембил на организацијата, апликантите во рамките на целокупната документација како поднесок ги доставуваат во два идентични примероци во хартиена форма и еден примерок во електронска форма(CD или USB) до општина Гостивар.**

**Начин на достава на Проектната документација**

Основните документи и задолжителните дополнителни документи во два оригинални примерока во печатена форма и еден во електронска форма на CD или USB спакувани во **еден пакет**, како поднесок се доставуваат директни или по пошта во **Архива на Општина Гостивар, на следнава адреса: Општина Гостивар, Оделление за социјална, здравствена и детска заштита, бул. Б. Ѓиноски 61, 1230 Гостивар, РСМ , во работни денови (Понеделник до Петок), помеѓу 08:00 и 16:00 часот, во рок од петнаесет (15)дена, сметан и денот на објавување на Јавниот Повик.**

**Документацијата мора да биде ставена во затворен плик и да се наведе:**

"ЈАВЕН ПОВИК"

За прибирање предлог проектна иницијатива за Основање и започнување со работа на установа за социјална заштита " Центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Гостивр"

**На предната страна на пликот Во горниот лев агол да стои: „Не отварај", а во долниот десен агол да стои:**

Општина Гостивар

Оделление за социјална, здравствена и детска заштита

бул. Б. Ѓиноски 61,

1230 Гостивар, РСМ

**Крајниот рок за поднесување на апликациите(комплетната документација) е петнаесет (15)дена, сметан и денот на објавување на Јавниот Повик, од датум 10.07.2023 (Понеделник) до 28.07.2023(Петок)**

**<u>Напомена!</u>**

**Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на утврдениот рок за аплицирање нема да се разгледуваат. Апликациите кои ќе пристигнат по пошта после утврдениот рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенскиот печат стои датум на испраќање кој не е покасно од утврдениот краен рок. Применета документација не се враќа!**

Резултатите од Јавниот повик ќе бидат објавени на официјалната веб-страница на општина Гостивар. www.gostivari.gov.mk

**Дополнителни прашања може да се поставуват исклучиво на официјален мајл до Комисијата за спроведување на Јавниот повик www.gostivari.gov.mk , info@gostivari.gov.mk ,** tel. +389 (0) 42 213 511, fax. +389 (0) 42 214 406 **.**

**Лице за контакт: Имерлије Салиу-Фетаи, i_saliu@yahoo.com, моб:070/781-396, Оделление за социјална, здравствена и детска заштита/Општина Гостивар**

**Градоначалник на**

**Оптина Гостивар**

**Арбен Таравари**